# ЗАПИСНИК

од седницата на Собрание на Карате федерацијата на Македонија,
одржана на 20 ноември 2010 година

Седницата се одржа во просториите на Домот за хуманитарни организации „Даре Џамбаз“ во Скопје, со почеток во 09,00 часот.

Претседателот на КФМ Драган Стојановски ги поздрави присутните преставници на клубовите и го предложи, што беше прифатено од присутните делегати, следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Избор на работни тела на Собранието:
    - Верификациона комисија;
    - Записничар и
    - Оверувачи на записникот.
2. Разгледување и усвојување на Записникот од седницата на Собранието на Карате федерацијата на Македонија, одржана на 20.02.2010 година;
3. Предлог за изменување и дополнување на Статутот на Карате федерацијата на Македонија, усогласување со новиот Закон за здруженија и фондации (Службен весник на РМ број 52 од 16.04.2010 година);
4. Разно, предлози, прашања.

**Точка 1**

Претседателот на КФМ, Драган Стојановски даде краток осврт на активностите кои беа спроведени во 2010 година. Тој истакна дека се постигнати големи успеси во 2010 година како во натпреварувачкиот така и во судискиот дел. Имено, на Европското првенство за кадети и јуниори се освоија 4 медали, на Евопскот сениорското првенство Огнен Гревски го освои бронзениот медал а Жарко Арсовски освои бронзен медал на Светското сениорско превентво. Благодарение на Примош Дебенак се подобрил квалитетот на судиите и КФМ доби 3 нови судии со Европска лиценца Златко Димоски, Ивана Аврамова и Зоран Стојковски. Нуредин Мисини и Боби Војдиновски успеаја положат за повисока лиценца. Ивана Аврамова и Боби Војдиновски се стекнаа со светски судиски лиценци.

Претседателот на КФМ, Драган Стојановски, предложи работните тела на Собранието (верификациона комисија, записничар и оверувачи на записникот) да бидат во ист состав како на последното Годишното собрание.

Едногласно се усвоени следните предлози:

• Верификациона комисија Муарем Имери, Ѓорѓи Тасевски и Атанас Филиповски;

• Записничар: Ивана Аврамова

• Оверувачи на записникот: Коста Николовски и Нуредин Месими.

По проверка на полномошната од присутните делегати Верификационата комисија поднесе извештај, според кој од 64 клубови со право на глас присутни се 52 клубови и констатира дека Собранието може полноважно да работи и одлучува.

**Точка 2**

Собранието, едногласно, го усвои Записникот од Собранието на КФМ, одржано на 20.11.2010 година.

**Точка 3**

Собранието на КФМ, едногласно, го усвои:

- Предлогот за изменување и дополнување на Статутот на Карате федерацијата на Македонија, усогласување со новиот Закон за здруженија и фондации (Службен весник на РМ број 52 од 16.04.2010 година) со следните дополнувања:
  - Во член 9 став 1 ред 4 наместо зборовите „Стручниот одбор“ да стојат зборовите „Стручниот совет“;
  - Во член 10 по ставот 4 се додава нов став 5 со следниот текст: „Одредбите од став 4 од овој член не се однесуваат за прашања што се носат на редовно годишно Собрание на КФМ“.

Карате федерацијата на Македонија ќе даде логистичка подршка и стручна помош на карате клубовите, за да можат навремено да ги усогласат своите Статути и ја завршат законската обврска, за пререгистрација на карате клубовите во Централниот регистар на РМ, во предвидениот рок.

Собранието го задолжи членот на ИО, Зоран Ѓорѓески да формира работна група која што ќе подготви предлог барање на Карате федерацијата на Македонија за здобивање статус на организација од јавен интерес, согласно Законот за здруженија и фондации (Службен весник на РМ број 52 од 16.04.2010 година).

**Точка 4**

Претседателот на Надзорниот одбор достави извештај за работата на Надзорниот одбор во изминатиот период.

Оверувачи на записникот: Записничар,

1. Нуредин Мисини
2. Коста Николовски

Ивана Аврамова